**ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ИЗГОТВУВАЧ: СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА
**за одбележување на 46-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

**Скопје, декември 2021**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на __________ седница, одржана на ___________________ година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА**
**за одбележување на 46-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

## I. Развојни приоритети и цели

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Достојно одбележување на денот на формирање на Општина Карпош – 3 ноември и афирмација на општината;
2. Соработка со збратимените и пријателските општини.

## II. Проектни активности

| **1.** | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | 1.1 Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Карпош.<br>1.2 Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на актуелна тема.<br>1.3 Културно-забавни активности:<br>– организирање на музички концерт;<br>– изложба на слики<br>– изложба на фотографии, и<br>– изложба на акварели.<br>1.4 Спортски активности:<br>– организирање на спортски натпревари;<br>– ревијален натпревар во кошарка со екипи од збратимените општини;<br>– промоција на талентираните спортисти, и<br>– училишни спортски игри.<br>1.5 Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош.<br>1.6 Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош);<br>– цветен собир – цветно дефиле;<br>– литературен конкурс;<br>– квиз;<br>– изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта, и<br>– доделување на стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош.<br>1.7 Крводарителска акција. |

| | |
|---|---|
| | 1.8 Свечена академија<br>– протоколарен дел, и<br>– доделување на плакети за заслужни граѓани на општина Карпош.<br>1.9 Организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените и пријателските општини: Општина Тиват – Црна Гора, Општина Нови Београд, Општина Сремски Карловци, Општина Врњачка Бања – Република Србија, Општина Тријадица – Република Бугарија, Општина Стари Град – Сараево, Општина Травник – Босна и Херцеговина, Флори-сур-Орн (Долна Нормандија) – Франција и Лапта, турска република север Кипар |
| **Стратешки насоки и цели:** | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство. |
| **Очекувани резултати:** | – Афирмација на општината, размена на искуства помеѓу општина Карпош и збратимените и пријателските општини;<br>– Презентација на општина Карпош преку разновидни манифестации и настани. |
| **Целна група:** | Граѓани на општина Карпош и збратимени и пријателски општини. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 1.000.000,00 денари |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 1.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2022 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.